British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

# КЛУЧНИ ФАКТИ

## "Премостување на родовите стереотипи во правосудството"

### *Родов јаз на раководни позиции:*

*Во 70-годишната историја на највисоките правосудни институции, сè уште немало жена државен јавен обвинител, ниту жена декан на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, и покрај пријавените кандидатки. Иако бројот на жени јавни обвинители расте, нивната застапеност на повисоки позиции останува пониска од мажите.*

### *Слаба застапеност на жените од етничките заедници:*

*Во досегашните генерации на Академијата за судии и јавни обвинители немало ниту една жена од ромската заедница, а застапеноста на жените од другите помали етнички заедници на раководни позиции во рамки на правосудството е исто така многу ниска.*

### *Изложеност на родово засновано насилство и дискриминација:*

*40% од судиите и јавните обвинители, особено жените, се соочиле со вербални закани и насилство, вклучително и родово засновани закани во текот на извршувањето на нивната работа, со недостаток на интерни механизми за заштита и пријавување на овие закани.*

### *Недостаток на поддршка за жените родилки:*

*Академијата за судии и јавни обвинители не обезбедува флексибилни услови за обука на бремените слушателки, што го ограничува нивниот кариерен напредок. Препорачани се законски измени за да им се овозможи поддршка и континуитет во обуката*

### *Неадекватни механизми за заштита од дискриминација:*

*Правосудните институции немаат развиени механизми за пријавување и заштита од сексуално вознемирување и родово-базирана дискриминација, што ја загрозува безбедноста на жените, особено во кривичните постапки.*

### *Неприсуство на родова компонента во клучните закони:*

*Законот за судови, Законот за јавното обвинителство, Законот за судска служба и Законот за јавнообвинителска служба и етичките кодекси немаат интегрирана родова компонента, што е критично за постигнување родова еднаквост. Правосудните институции не водат полово разделена статистика прикажана во годишните извештаи*